Здружение за еманципација,
солидарност и еднаквост
на жените - ЕСЕ

јули, 2018

# ПАРАПРАВНАТА ПОМОШ

# ГО СКРШИ МРАЗОТ

## ПОМЕЃУ ИНСТИТУЦИИТЕ И РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА


## АПСТРАКТ

Долготрајната сиромаштија, социјалната исклученост, дискриминацијата и необразованоста со која се соочува ромската заедница во Македонија, придонесува Ромите да не можат да ги остварат своите права. Ваквата состојба особено негативно влијае врз пристапот до здравствена заштита, при што Ромите се соочуваат со разни видови препреки и тешкотии за остварување на правото на здравје. Оваа ситуација претставуваше поттик Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ за прв пат во 2011 година да го воведе концептот на параправна помош и поддршка со цел да го подобри здравствениот статус и квалитетот на живеење на ромската заедница.


*продолжува на стр. 2*



*продолжува од стр. 1*

## АПСТРАКТ

Здружението ја воведе параправната помош во Македонија на полето на здравје, односно здравствено осигурување, здравствена заштита и заштита на правата на пациентите. Со помош на своите партнерски ромски организации **ИРИЗ** и **ЦДРИМ** од Шуто Оризари и **КХАМ**, којашто работи во Делчево, Виница и Пехчево, **ЕСЕ** им подаде рака за помош за остварување на своите права на тие на кои им беше најпотребна. Преку параправници од самата заедница, обучени да се фокусираат на потребите на ромската заедница, граѓаните добиваат помош за остварување на правото за здравје, но и решение за многу други проблеми, меѓу кои и остварување на правото на социјална заштита. Освен индивидуална помош, параправниците обезбедија помош и за колективни проблеми на заедницата. Обезбедувањето на параправна помош и поддршка придонесе за зголемување на информираноста на луѓето за своите права и за зголемување на самодовербата кај ромската заедница. За придобивките од параправната помош сведочат искуствата на корисниците.

## ВОВЕД

### Голем број граѓани во Македонија имаат потреба од правна помош, но не можат да ја добијат поради неинформираност и недостиг на средства да ја обезбедат.

Оваа појава е честа и кај ромското население кое се карактеризира со сиромаштија и низок степен на образование. Токму на оваа маргинализирана група граѓани правната помош ѝ е најпотребна, бидејќи постојано се соочува со предизвици при остварување на своите права. Параправната помош, всушност, го премостува јазот на квалификувана правна помош и преку обучени лица што не се правници ги информира граѓаните за своите права на едно повисоко ниво. Параправниците се лица од заедницата кои се стекнуваат со потребните знаења и вештини за да можат да им помагаат на луѓето од своите заедници [1]. Параправниците обезбедуваат совети, подготвуваат писмени поднесоци (барања, жалби, приговори и др.), ги упатуваат, односно ги придружуваат луѓето до надлежните институции, организираат средби со локалните установи, организираат едукативни работилници за населението, со цел да им помогнат на луѓето од заедницата да ги остварат своите законски гарантирани права. Притоа, важно е да се потенцира дека обезбедената параправна помош е помогната и поддржана од страна на квалификувани правници и адвокати заради постигнување на целта, а не да се добие впечаток дека со параправната помош се поттикнува надриписарството. Помошта и поддршката што ја обезбедуваат параправниците, а имајќи ја предвид областа во која помагаат, се одвива во рамки на управната постапка и постапките пропишани за заштита на правата на пациентите. Доколку побараната помош и поддршка ги надминува овие граници, односно доколку има потреба од иницирање на управен спор, помошта и поддршката преминува во рацете на правниците. Тие ги поттикнуваат граѓаните и им помагаат да ги остварат своите права што законски им припаѓаат.

[1] ЕСЕ и партнерските организации ги утврдија следните критериуми за селекција на параправници: да имаат минимум средно образование, да се лица од локалните заедници и по можност да имаат претходно искуство во обезбедување на услуги за локалното ромско население.

# ЕСЕ ЗА ПРВ ПАТ ГО ВОВЕДУВА КОНЦЕПТОТ ЗА ПАРАПРАВНА ПОМОШ ЗА ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ ВО МАКЕДОНИЈА

**ЕСЕ** долги години ја следи состојбата со здравјето на Ромите и нивниот пристап до здравствена заштита во нашата држава и потребата за воведување на концептот на параправна помош, што е одраз на претходно идентификуваните проблеми на ова поле. Моделот е преземен од неколку држави од Африка и Јужна Америка, кои веќе го имаа имплементирано, но соодветно приспособен за да одговори на потребите на локалните ромски заедници во нашата држава.

**ЕСЕ** реши параправната помош да ја воведе во ромската заедница затоа што Ромите се припадници на етничка заедница којашто е во најнеповолна положба кога станува збор за остварување на правото на здравје и се соочува со разни видови на дискриминација и задоволството на Ромите од квалитетот на услугите е на доста ниско незадоволително ниво.

Поради овие причини Здружението **ЕСЕ** во 2011 година ја воведе параправната помош во Македонија, примарно на полето на здравје, односно заштита на правата од здравствено осигурување, здравствена заштита и заштита на правата на пациентите.

Здружението започна со работа на полето на параправната помош и работата ја развиваше постепено соработувајќи со ромските организации КХАМ од Делчево, која дејствува и на територијата на Виница и село Црник во Пехчево, и организациите **ЦДРИМ** и **ИРИЗ**, кои дејствуваат во Шуто Оризари.

**ЕСЕ** го осмисли начинот на кој ќе се спроведува параправната помош, активностите што ќе се спроведуваат во заедницата и обуката на параправниците и начинот на нивно работење со лицата што бараат помош, затоа што за воведување и обезбедување на ваков вид помош и негова ефикасност мора да постои сеопфатен систем на едукација што ќе им овозможи на параправниците да дадат соодветна, навремена и целосна помош и поддршка. Ова пак подразбира континуирано надградување на нивното знаење и унапредување на сите аспекти од нивното работење.

Низ годините, материјата на здравствената заштита, осигурувањето и заштитата на правата на пациентите трпеа огромни промени, често се случуваше дури и правниците да не може да бидат во чекор со измените.

*- Тој притисок нè воведе нас како организација која обезбедува техничка помош на поле на постојано усовршување на начинот на работа и посебно олеснување, бидејќи ни беше јасно дека параправниците затоа што ги немаат овие квалификации треба постојано да бидат хранети со информации и новини за да може да бидат постојано во тек, односно да не бидат изненадени од своите сограѓани кога ќе дојдат да им побараат помош, иако тоа никогаш се случуваше. Некогаш за честите примени на полето на правото на здравје ЕСЕ и партнерските организации беа информирани од корисниците кои сакале да остварат одредено право, а не можеле. Во изминатиот период тие промени беа негативни, односно повеќе водеа кон укинување на одредени права отколку кон остварување, така што луѓето бурно реагираа. Мислам дека тоа во суштина беше многу позитивно затоа што на некој начин параправниците научија дека давањето параправна помош не е само на индивидуално ниво, во смисла на разрешување на правна потреба на поединец туку дека често пати ваквите промени засегаат поголем број лица од заедницата*

- вели Јасминка Фришчиќ - извршен директор на ЕСЕ и кооринатор на правната програма.

# ПОТРАГА ПО ПАРАПРАВНИЦИ

ЕСЕ ја започна потрагата по параправници за да може да го реализира концептот на параправна помош. Еден човек за да се квалификува како параправник, беше потребно да ги задоволи критериумите утврдени од страна на ромските организации и ЕСЕ, кои беа едноставни. Се бараа луѓе што не мора да имаат завршено високо образование, поволни кандидати беа и со средно и со основно образование, но предуслов беше да бидат писмени.

Беше потребно кандидатите да живеат во заедницата и да имаат допир со ромското население и да ја разбираат нивната култура и обичаи. Беше неопходно параправниците да имаат разбирање и да ги сослушуваат луѓето, да можат да ги идентификуваат проблемите со кои се соочуваат членовите на нивната заедница, но и да предложат решенија за нивно решавање. Предуслов во помагањето е луѓето да се сослушани и при сослушувањето да се селектира што е тоа што е проблематично и да се решат тие проблеми по оној редослед што одговара на приоритетите во дадената ситуација.

Ромските организациите со кои **ЕСЕ** соработуваше имаа потполна слобода да ги идентификуваат параправниците. За параправници беа избирани луѓе што најчесто веќе работеа во организациите, додека дел од нив беа дополнително идентификувани. Се внимаваше помеѓу параправниците да има мажи и жени во соодветен размер за да им се овозможи на жените што бараат помош доколку не сакаат да разговараат со мажи да се обратат за соодветен проблем кај жените параправнички.

Програмите за параправна помош и поддршка беа отворени во канцелариите на партнерските организации, одделни простории што беа соодветно опремени, со цел парапаравниците да имаат соодветни услови за да можат професионално да ги извршуваат своите обврски. Заради соодветно забележување на проблемите поради кои се обраќаат луѓето од заедницата, но и заради документирање на работата, односно начинот на постапување на параправниците, Здружение **ЕСЕ** воспостави систем за собирање на податоци и раководење со предметите на лицата што бараат помош.

Впрочем, работата на параправниците е слична како онаа во адвокатските канцеларии. Тие мора да пополнуваат формулари, да оформат досиеја, да ја приберат потребната документација итн., односно сè она што долкува на професионално вршење на задачите. Беше направена поделба на задачи во работењето. Параправниците се задолжени да водат писмена и електронска документација за лицата што им се обратиле за помош и за нивните проблеми. На почетокот таа база на податоци беше едноставна во форматот Ексел, но сега таа е поусовршена и **ЕСЕ** може да има пристап до неа и да има увид во тоа што го прават во реално време. Впрочем, налик на оваа и сите постапки на работење беа усовршувани низ годините.



# ОБУКА НА ПАРАПРАВНИЦИТЕ ЗА ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ

## ПО ИЗБОРОТ НА ПАРАПРАВНИЦИТЕ, ВТОРАТА НАЈСЕРИОЗНА ЗАДАЧА БЕШЕ НИВНАТА ОБУКА. ЕСЕ Ѝ ПОСВЕТИ СЕРИОЗНО ВНИМАНИЕ НА ОБУКАТА.

Во фокусот на обуката најпрво беа основните податоци што се однесуваат на трите области за остварување на правото на здравје, односно заштита на правата од областа на здравствената заштита, здравственото осигурување и заштитата на правата на пациентите. Покрај оваа основна обука, се организираа и обуки што се однесуваа на заштита на други сродни права, најчесто два пати во текот на годината.

За спроведување на обуките подготвивме сеопфатен Прирачник за обука на параправници. Како што се менуваа и проширувaa темите за едукација, така беше надополнуван и Прирачникот.

Во поново време едукацијата на параправниците опфаќа многу повеќе од првобитно планираното и спроведуваното. На пример, се опфаќаат теми за поставеност на државниот систем, односно што е извршната, што е судската, а што е законодавната власт; познавања од областа на кривичното право и постапка; семејното право, наследувањето и многу други теми од интерес. Темите беа избрани согласно со проблемите со кои Ромите секојдневно доаѓаат во допир. Работните односи останаа како прашање коешто е клучна тема за која беа спроведувани обуки, потоа разни видови на насилство врз жените, семејно насилство и сексуално вознемирување.

Покрај теоретските познавања, дел од обуката беше посветена и на развивање на практичната работа, односно применување на стекнатите знаења. На сите параправници им беа задавани практични задачи, односно тие беа обучувани да препознаат правни проблеми, да утврдат кое е соодветното решение и да помогнат во негово разрешување, вклучувајќи подготовка на различни видови формулари и писмена.

*- Пристапот е тој, потребно е познавање, но не на академско ниво, се трудиме секогаш луѓето што ќе го пренесат знаењето да бидат луѓе што се активни на темата што треба да се пренесе, но и практичари, судии, адвокати итн. Се трудиме заедно со нив – параправниците да дизајнираме обука и мислам дека успеавме. Работиме на разрешување на студија на случај, познат пристап во образованието на возрасните, но не знаевме како ќе функционира. Кај нив се покажа дека имаат највисок број точни одговори на поставените прашања на случаите, што значи дека параправниците може да го совладаат презентираното. Она што треба да се работи е постојано повторување и надградување затоа што нормално е дека со две обуки во годината од по 3 - 4 дена, не може да се совладаат сите работи* - вели Јасминка Фришчиќ - извршен директор на ЕСЕ и координатор на правната програма.

ЕСЕ очекува дека со проширување на обемот на познавањата, параправниците ќе го прошират и видот на услугите што ќе го даваат.

Континуираната едукација на параправниците подразбираше и надградување на тековниот систем за собирање на податоци и работа на предметите од страна на параправниците. За таа цел беше подготвен Водич со упатство за работа со лицата што бараат помош.

Покрај тоа, Здружението ЕСЕ редовно ги посетува канцелариите за параправна помош и поддршка и врши увид во досиејата на корисниците, при што им укажува на параправниците на кој начин можат да подобрат одредени аспекти од нивното работење.

- ЕСЕ во континуитет врши *мониторинг, поддршка и оценка на работата на параправниците. Значаен сегмент во таа работа е организирањето на директни посети, каде што вршиме увид во нивната работа, правиме преглед на досиејата, идентификуваме параметри од нивната работа што треба да се подобрат и на крај на секоја посета им даваме извештај со препораки кои работи треба да ги унапредат до следната таква посета* - вели Стојан Мишев - координатор на проект на USAID за граѓанско учество - ЕСЕ.

## РАБОТАТА НА ПАРАПРАВНИЦИТЕ Е ПРОФЕСИОНАЛНА, ТАЈНА И ДОВЕРЛИВА

Еден од основните принципи на работа на параправниците е принципот на доверливост на податоците на лицата што се обраќаат за помош и поддршка. Па така, се практикува сè што е изнесено пред параправниците да остане тајно и доверливо; меѓу члeновите во тимот може да има консултиции во врска со проблемот, но не за личните податоци коишто се однесуваат на оној што се обратил за помош.

Во работата на параправниците постои систем на одговорност. Кога ќе се дознае за одреден проблем, ако не може параправниците сами да го решат, може да се обратат за помош. На секоја средба мора да се води евиденција за тоа што се направило на таа средба, односно поради кој проблем луѓето им се обратиле и како параправниците им помогнале; потоа како и што треба да преземат клиентите или параправниците до наредната средба. Сите тие принципи на работа се запазуваат и до ден-денес се почитуваат и се усовршуваат.

## РОМСКИТЕ ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ СЕ НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПАРАПРАВНА ПОМОШ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Како резултат на помошта и поддршката што ја обезбедуваат, ромските организации се препознаени од страна на локалното население и луѓето редовно им се обраќаат за помош и поддршка за најразлични проблеми од нивното живеење.

За таа цел Здружение ЕСЕ редовно им обезбедува поддршка на организациите за програмите за параправна помош и поддршка.

Ромската организација ИРИЗ е една од организациите што соработува со ЕСЕ на ова поле во Шуто Оризари.

*- Ние работиме со 4 параправници што имаат по 2 аниматори или волонтери, еден фацилитатор работи со 100 домаќинства, со 400 семејства сме во постојан контакт. Граѓаните реагираат многу позитивно на нас, бидејќи во многу ситуации ние сме им единствена надеж; во однос на нивните секојдневни проблеми со кои се соочуваат, на пример кога ќе добијат негативно барање од сферата на социјалната грижа, тие не знаат како понатаму, ние им помагаме да го остварат правото на жалба кое не знаеле дека го имаат*



- вели **Амет Јашар** од организацијата ИРИЗ.

Организацијата КХАМ од Делчево, пак, работи на полето на параправна помош со ЕСЕ 8 години и добива поддршка во градење на капацитетите на организацијата. ЕСЕ ѝ помогна на КХАМ да го разбере системот на здравствена заштита, законот за права на пациентите и функционирањето на здравствените институции на примарно, секундарно и на терцијално ниво.

*- Покрај обуките кои ги добивавме во делот на здравствената заштита и правото на здравствено осигурување, добивавме обуки околу барања, жалби, претставки до институциите, обуки за комуникациски вештини, обуки за застапување и сите промени во здравствената и социјалната заштита. Најчесто граѓаните се обраќаат во делот за туѓа нега, во делот за постојана парична помош, во 2011 година кога започнавме со параправната помош, најчесто се обраќаа за пополнување на барање за здравствено осигурување по основ на невработеност. Во најдиректна смисла се опфатени 2 000 Роми од регионот Пијанец и најмалку 500 Македонци како што се технолошки вишок, самохрани родители, корисници на социјална помош, лица со хендикеп*



- вели **Санела Момчилов** - проектен координатор на социјална отчетност и правно зајакнување - КХАМ.

Параправниците посветено работат да обезбедат параправна помош за секој проблем за кој ќе им се обратат нивните сограѓани од заедницата. Параправниците остваруваат контакти со надлежните институции и ги информираат за потребите на локалното ромско население.

*- Проблеми има најразлични, најчесто работиме на проблеми од здравство, социјала и образование. Тие најчесто се јавуваат и за проблеми поврзани за легализација на куќата, имаат проблеми со застарени сметки и побарувања за наплата, помагаме и за тие проблеми, помагаме за сè што можеме да*

*ги упатиме и да ги советуваме, или пак доколку постои правно средство или нешто што можеме да им изготвиме, некој соодветен документ. Кога доаѓа лицето кај нас со конкретен проблем, прво што правиме е да го советуваме и да му дадеме информација, да го упатиме, имаат поддршка од наша страна, многу пати имаат од наша страна застапување или пак придружба до одредена институција за да можеме да видиме во зависност од проблемот дали некое право е прекршено, дали можеме да им помогнеме, некои се неписмени и да видиме што може да им помогнеме и да направиме некоја комуникација помеѓу институцијата и клиентот*



- вели **Мерима Дестанова** - параправник од ИРИЗ која работи на територијата на Шуто Оризари.

Истовремено, ги охрабруваат луѓето да се обратат до надлежните институции, но работат и со институциите со цел тие да одговорат на потребите на заедницата.

*- Голем дел од граѓаните што ни се обратија, а и ние ги идентификувавме со посетите од врата до врата, споделија дека имаат недостиг на информации, исто така утврдивме дека има отпор и кон одредена институција за остварување на одредено право поради различни причини. Понекогаш тоа беа јазичните бариери, понекогаш срам, страв и инфериорноста од самите претставници на институциите, на некој начин ние бевме тие што го кршеа мразот помеѓу нив и ги охрабрувавме и ги подучувавме нашите клиенти, а во исто време ги менувавме и негативните наративи кај здравствените професионалци. Паралелно работевме и со заедницата и со здравствените професионалци*



-вели **Ромина** - параправник од КХАМ, која работи на територијата на Делчево.

*- За жал, поради стареењето на луѓето во село Црник во последните 2 години сѐ почесто ѝ е потребни помош на заедницата при остварување на правото на постојана парична помош, туѓа нега, мобилност, инвалидност, односно социјални права што се остваруваат врз основа на болест и старост. Во с. Црник има околу 730 Роми, работам со 50 семејства. Довербата ја стекнуваме со отвореност, комуникација, едноставен и разбирлив речник, со мојата достапност заедницата ја доближувам поблиску до институциите. Бидејќи е мало селото, сите сме роднини или соседи*



- вели **Џенај Демиров** - параправник од КХАМ, кој работи на територијата во село Црник.

Преку обезбедувањето на параправна помош и поддршка во индивидуални случаи на прекршување на правата, параправниците можат да дознаат дека одреден проблем ги засега поголем дел од луѓето од нивната заедница. Практично, параправниците заедно со луѓето од заедницата активно се вклучуваат и во решавањето на колективните проблеми на ромското население.

*- Пред година ипол имавме несреќна измена во правилникот за остварување на правото на социјална парична помош, при што на голем број лица Роми им беше укината социјалната помош како резултат на примени средства на брзиот трансфер на пари. Во една таква ситуација програмите за параправна помош и поддршка многу помогнаа, параправниците организираа информативни работилници со цел да ги информираат луѓето како да постапат во ситуација кога им е укинато тоа право*

- вели **Стојан Мишев** - координатор на проект на USAID за граѓанско учество - ЕСЕ.

## ПОЗИТИВНИТЕ ИСКУСТВА ПРЕНЕСУВАНИ ВО РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ОД ЧОВЕК НА ЧОВЕК

Од особено значење е тоа што луѓето се задоволни од услугите што ги добиваат од страна на параправниците, односно од квалитетот на услугата, навременоста, начинот на комуникација и третманот што го добиле. Ваквото задоволство е показател дека партнерските организации на ЕСЕ прават позитивни промени во нивните заедници. Поради тоа голем број луѓе од заедниците честопати доаѓаат кај нив за различни проблеми со кои се соочуваат самите тие или членови од нивното семејство. Тоа е уште една потврда дека имало потреба во таа заедница да се отвори програма за параправна помош и

поддршка, сметаат од ЕСЕ.

Ова е потврдено и со бројот на случаи на кои работеле параправниците во изминатиот период. За илустрација, во 2012 година партнерските организации на ЕСЕ обезбедиле параправна помош за 587 случаи, додека во 2017 тој број изнесува 730.

Според искуствата на ЕСЕ, има многу луѓе што имаат правни проблеми, но не се обраќаат за нивно разрешување. Формалното разрешување на проблем, не само во Македонија туку и во различни и развиени демократии е на понизок степен. И затоа за ЕСЕ од големо значење беше граѓаните најпрвo да добијат информации за услугите што ги обезбедуваат параправниците, да се охрабрат да ги посетат канцелариите за параправна помош и поддршка.

*- Нашите партнерски организации се тие што го имаат директниот контакт со членовите на нивната заедница и тие се тие што им помагаат на членовите на нивната заедница кога имаат проблеми. Примарно, тоа се проблеми од здравствената заштита, здравственото осигурување и заштита на правата на пациентите. На пр. на почетокот во 2011год. имало голем број Роми што биле здравствено неосигурани и параправниците им помогнале да се регистрираат во Фондот за здравствено осигурување на РМ; понатаму, им помагаат во заштита на правото на пациенти; доколку има потреба за рефундирање на средства; помош за собирање на документација за лекување во странство; реагирање на дискриминација од страна на лекарите. Да ги упатат клиентите до одредена институција, да се јават како медијатори меѓу клиентот и здравствената институција*

- вели Стојан Мишев - координатор на проект на USAID за граѓанско учество - ЕСЕ.

По отворањето на канцелариите за параправна помош и поддршка, ЕСЕ утврди дека во источна Македонија има поголем број луѓе што се обраќаат за параправна помош, додека во Шуто Оризари има многу мал број. Генерално, во Општина Шуто Оризари луѓето немаа доверба во организациите. Меѓутоа, овој проблем беше надминат набргу по започнувањето со работа и решавањето на проблемите на луѓето од заедницата; кога информацијата почна да се пренесува од човек на човек, луѓето од заедницата беа сѐ повеќе охрабрени да се обратат кај параправниците за помош.

*- Со параправната помош ние пред сѐ се здобивме со доверба на граѓаните. Од самото формирање на граѓанскиот сектор во Шуто Оризари луѓето добиваа погрешна перцепција за граѓанскиот сектор. Еден од најголемите елементи што ги добиваме е довербата, со сите ситуации и успешни завршени поединечни приказни, добивме наши зацртани цели и секако сметаме дека нашето постоење е оправдано и вреди да постоиме. Општествената одговорност е битен фактор, нашето работно време не завршува тука, ние даваме помош и по работното време, одговараме на прашања и сметаме дека сето тоа кога ќе се собере вреди да се работи понатаму*

- вели Амет Јашар - претставник на ИРИЗ.

## КОРИСНИЦИТЕ И ЗАЕДНИЦАТА СВЕДОЧАТ ЗА ПРИДОБИВКИТЕ ОД ПАРАПРАВНА ПОМОШ

Покрај работата во канцеларија, параправниците редовно ги посетуваат ромските домаќинства преку т.н. посети од врата на врата, со цел да ги идентификуваат проблемите со кои се соочуваат луѓето од нивната заедница, да ги информираат за услугите што ги обезбедуваат и да ги повикаат да се обратат во нивните канцеларии. 57 годишната Селвет Самоилова по операцијата на тумор на главата веќе 6 години не може самостојно да се движи. Таа не знаела дека со нејзината состојба може да го оствари правото на туѓа нега и да добие паричен надоместок со кој ќе може да си ги плаќа лекарствата. За оваа можност дознала кога била посетена од Санела Момчилов од организацијата КХАМ која ѝ помогнала да го оствари правото што законски и следи.

*- Имав тумор на главата и при операција ми ги повредија нервите, сега немам никаква рамнотежа да одам. Имав тумор меѓу двата мозока. За КХАМ дознав одамна, уште кога бев здрава, ама веќе 6 години како сум болна, не одам никаде, не земав ни нега, Санелка дојде кај мене и ми објасни дека имам право да земам нега. Ни лекарства немав, Санелка контактираше со мојата лекарка и ги направи документите, и добив позитивен одговор. Но сепак се малку пари и не стигаат за лекарства, само 800 денари е една маст. Помошта од КХАМ многу ми помогна претходно немав пари за никакви лекови, Кхам многу ми помогна*



- вели Селвет Самоилова - корисник на параправната помош на КХАМ.

Параправна помош од КХАМ за остварување на правото на платено породилно отсуство добила и 27 годишната Суада Ибраимовска од Делчево.

*- Јас имав потреба од параправна помош за да дознаам за тоа дали ми следува породилно отуство или не. Потоа дојдов во канцелариите на КХАМ и тие ми кажаа дека доколку имам најмалку 6 месеци стаж ми следува. Јас го имав потребниот стаж, значи ми следуваше породлино отсуство. Тие ме информираа кои документи ми се потребни, ми помогнаа при пополнувањето на докоментите и потоа ми се придружија до ФЗОМ. Таму ми помогнаа околку документацијата која беше потребна. Помошта од КХАМ ми помогна многу во решавањето на моите проблеми, го добив породилното отсуство и 9 месеци го искористив*



- вели **Суада Ибраимовска** корисник на параправната помош на КХАМ од Делчево.

Позитивно искуство со обезбедување на параправна помош има и 40 годишниот Нури Мемедов од Виница, кој по тешката сообраќајна несреќа преку КХАМ успеал да го обезбеди своето право на туѓа нега.



*- Во тешки ситуации и категории, дали е во социјално загрозени, КХАМ помага во оштина Виница и многу ми е мило што има каде да се обраќаме за да се остварат нашите човекови права. Апелирам до сите граѓани без разлика дали се Роми, Турци, Македонци, секој има човекови права и може да се јави во КХАМ затоа што тие нудат услови за помош, многу ги почитувам*

- вели **Нури Мемедов** - корисник на параправната помош на КХАМ.

Задоволство од параправната помош од ИРИЗ изразува и 37 годишниот Ѓулсен Умер на кој партерската организација на ЕСЕ му помогнала да го оствари правото на здравствено осигурување.

*- Јас за ИРИЗ дознав преку комшиите, имав проблеми со здравственото осигурување и требаше да вадам книшка. Јас порано работев во „Паркови и зеленило“ и долго време потоа не се пријавив на биро за вработување. Потоа отидов со мајка ми да вадам книшка, но ме препраќаа наваму, натаму и се изнервирав и ја земав книшката и заминавме со мајка ми. Потоа слушнав глас од комшиите кои ми кажаа за организацијата ИРИЗ која им помогнала околу остварување на социјална заштита и дојдов тука. Им*



*објаснив каква молба имам затоа што бев болен од грип и зошто да плаќам... дојдов тука и ми рекоа дека ќе го преземат случајот и ќе одиме да извадиме книшка, ми помогнаа и за здравственото осигурување и книшка ми извадија. Потоа имав проблеми со легализацијата околу куќата за земјиштето, ме одбија неколку пати и ми текна да дојдам кај ИРИЗ и ми направија жалба и чекам одговор. Задоволен сум од помошта, многу лесно со нив си ги завршувам работите*

- вели **Ѓулсен Умер** корисник на параправна помош на ИРИЗ.

Здружението ЕСЕ од 2015 година започна активно да работи на спојување на пристапот на правно зајакнување, односно обезбедување параправна помош со активностите што ги преземаше организацијата во рамките на методологијата на социјална отчетност. Во суштина, двата досега индивидуално спроведувани пристапи од страна на ЕСЕ во ромските заедници беа споени во еден комбиниран пристап, со цел да се зголемат придобивките во однос на правото на здравје за Ромите.

## ПАРАПРАВНИЦИТЕ СТАНАА МОСТ ПОМЕЃУ ДРЖАВАТА И ЗАЕДНИЦАТА

Од ЕСЕ сметаат дека со обезбедувањето на параправната помош заедницата доби луѓе коишто доколку тие организации не постојат ќе може да продолжат да им даваат помош затоа што се нивни сограѓани, затоа што се таму во заедницата, затоа што се квалификувани, затоа што може да продолжат да им ја обезбедат таа помош.

*- Со параправната помош заедницата доби на самоувереност и значително го подобри својот статус. КХАМ ги зајакна своите капацитети, се брендира како организација која е препознатлива во делот на здравствените права, го зголеми бројот на ангажирани лица, ја унапреди комуникацијата со институциите на локано ниво, но КХАМ влијае и на донесувачите на одлуки на национално ниво. Сите лица сега знаат како да го остварат своето право на здравствено осигурување, отворен е пункт за имунизацијa во село Црник, на 25 лица на кои им беше*

***укината социјалната помош поради брзиот трансфер на пари повторно се стекнаа со право на користење на социјалната помош***



- вели **Санела Момчилов** - проектен координатор на социјална отчетност и правно зајакнување - КХАМ.

Заедницата доби луѓе кои во секој момент може да им дадат поддршка ако им треба за да остварат некое друго право, не само оние прашања на кои работи ЕСЕ затоа што параправниците се едуцирани луѓе и претставуваат мост помеѓу заедницата и државните институции. Една од најголемите придобивки за припадниците на ромската заедница е зајакнувањето на чувството на еднаквост со другите групи во државата. Партнерските организации на ЕСЕ се пионери во обезбедувањето на параправна помош во Македонија. Луѓето редовно се обраќаат кај параправниците за решавање на најразлични проблеми, зголемена е нивната информираност за човековите права и законските механизми што им стојат на располагање за реализирање на правата. Притоа, параправниците ги зајакнуваат членовите на заедницата самите да се борат за остварувањето на своите права.

*- Партнерските организации сè повеќе се афирмираа во рамки на нивните заедници, локалните организации веќе се препознаени како организации што им помагаат на луѓето во тие заедници и показател за тоа се редовните посети што ги правиме кај нив и гледаме дека луѓето сè почесто се обраќаат во нивните канцеларии и тоа за разни прашања, ако денеска им помогнале за право за здравствена заштита, утре ќе се јават за сосема трето прашање, но тоа е показател дека тие се задоволни од услугите што ги добиваат и помошта што ја добиваат од параправниците. Параправната помош и поддршка претставува одлична можност за индивидуално решавање на проблемите на заедницата, покрај ова колективно застапување кое го правиме многу е побрза помошта што ја добиваат преку параправниците затоа што параправниците им помагаат во индивидуални случаи за реализирање на нивните права. Придобивка е тоа што и самата локална заедница е повеќе информирана за начинот на кој може да ги оствари своите здравствени права. Показател е бројот на луѓе кои не знаеа како да го остварат правото на здравствено осигурување, а подоцна научија и се намали бројот на луѓе кои доаѓаа да бараат помош за тоа прашање, научија да одат сами во ФЗОМ. Сè што прават параправниците е да се зајакне заедницата. Луѓето се поинформирани за своите права и знаат што да очекуваат и што да бараат од инситуциите*

- вели Стојан Мишев - координатор на проект на USAID за граѓанско учество.

Работата на ЕСЕ на полето на правно зајакнување и обезбедување на параправна помош и поддршка ја поддржува Фондацијата Отворено општество - Македонија.

Финансиски поддржано од:

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS